УДК 949.717.06

Димитар ДИМЕСКИ

# МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ПО ИЛИНДЕН
## (во пресрет на окружните конгреси)

Македонската револуционерна организација (МРО) по Илинден се нашла на крстопат.

Поуките од Илинденското востание неминовно воделе кон раскрилување на процесот на демократизацијата во МРО.

Оттаму, периодот до Рилскиот конгрес е исполнет со бројни средби, советувања, конференции, окружни конгреси. Никогаш дотогаш во историјатот на МРО немало толку богат организационен живот, со широк демократски ангажман на револуционерните активисти.[1]

Бездруго, за почеток, МРО требало да ја надмине констернацијата од Илинденската Голгота, да ги залечи илинденските трауми, да ја консолидира сопствената мрежа, да отвори нова перспектива.

Сето тоа требало да го стори во мошне комплексни околности, во ерата на Мирцштегските реформи, кога, покрај со примарниот, османски непријател, МРО се нашла соочена со новиот, вооружен курс на балканските пропаганди.

Згора на сето тоа, во пролетта 1904 година никнал тајниот „сојузен" српско-бугарски договор, кој ја блокирал иднината на македонското ослободително дело и, фактички, претставувал зародиш на идниот Балкански сојуз. Српско-бугарскиот договор од 1904 година се надоврзувал на познатата „Угодба" од 1897 година, а всушност бил ажуриран пред стравот од згаснување на Мирцштегските реформи со предвидуваната австро-унгарска окупација на Македонија, пред сè, поради зафатеноста на Русија во далекуисточната војна со Јапонија.[2]

Оттаму, МРО се нашла во улога на Давид против Голијат.

Непосредно по Илинденското востание се почувствувал најголем пад на револуционерната дејност, која се спуштила на најниско

---

[1] М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот (1904—1908 г.), Скопје, 1983, 71. М. Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, Мисла, Скопје, 1987, т. III, 82.

[2] Cf. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, Следъ Илинденското възстание, София, 1943, т. II, 320.

ниво. Тоа се должи и на фактот што најголем дел од раководниот кадар на МРО, соочен со жестокиот османски терор, се префрлил во Кнежевството Бугарија. Само од Битолскиот (II) округ на МРО, кој најмногу настрадал во Илинденското востание, ги имало 150.[3] Оваа бројка барем се дуплира,[4] ако не и триплира кога ќе се земат во обѕир и останатите префрлени револуционери од другите окрузи на МРО. Така, во бугарската метропола Софија, меѓу другите, се нашле: Борис Сарафов, Ѓорѓи Поп Христов, Јане Сандански, Димитар Стефанов, Христо Чернопеев, Михаил Герџиков, Никола Пушкаров, Пандо Кљашев, Васил Чакаларов, Михаил Николов, Славко Арсов, Сава Михајлов, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Смиле Војданов, Лазар Димитров, Александар Чакаров, Никола Андреев, Аргир Манасиев, Мише Развигоров, Сандо Китанов, Димитар Мирасчиев, Славчо Ковачев и др.[5] Од поеминентните кадри единствено Никола Карев се префрлил во Белград. Меѓутоа, подоцна, по налог на МРО и тој отпатувал во Софија[6]

Оттаму, не случајно, во Софија било одржано првото повостаничко советување на МРО. Неколкунеделното Софиско советување (јануари-февруари 1904 г.), одржано под егидата на Задграничното претставништво, на кое зеле учество присутните повидни кадри на МРО, всушност, го отворило реформскиот процес.[7]

Но ова Советување се искристализирале две концепции: конзервативна и прогресивна (демократско-реформска).

Носителите на конзервативната концепција на чело со Христо Матов, се залагале за конзервирање на старите односи со ситни козметички модификации.[8] За разлика од нив, претставниците на прогресивната (демократско-реформска) концепција ја гледале МРО во ново, подемократско руво, со симнат централистички ореол и широка примена на принципите за изборност и децентрализација. Во демократизацијата на МРО гледале вистинска гаранција за надраснување на кризата, за препород на МРО и солидна перспектива за развој на ослободителното дело.

На Софиското повостаничко советување победа однела прогресивната (демократско-реформска) концепција, зад која стоеле носителите на Г. Делчевата линија (предводени од Серчаните). Собранието го усвоило носечкиот програмски документ „Директиви за идната дејност на Организацијата“ (со „Упатства кон Директивата“), подготвен од Комисија во состав: Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев и Димитар Стефанов.[9]

---

[3] Ѓорче Петров, Спомени — кореспонденција, Редактор Љ. Лапе, Скопје, 1984, 202.

[4] Cf. М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот, Скопје, 1983, 67.

[5] Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., 58.

[6] Никола Карев, време и дело, Наша книга, Скопје, s. a., 25.

[7] Cf. М. Пандевски, ВМРО и неоврховизмот, Скопје, 1983, 72—73. Хр. Силяновъ, op. cit., 58—61.

[8] Cf. М. Пандевски, op. cit., 72, 164—198.

[9] Димо Хаџидимов, Одбрани дела, Редактор М. Пандевски, Култура, Скопје, 1984, I, 24.

Меѓу малубројните раководители што се задржале во Македонија во поилинденските денови биле и членовите на Привремениот ЦК на МРО во Солун, кои играле маргинална улога. Во II (Битолски) округ на МРО, овенчан со илинденскиот подвиг, останале сред својот народ, во најтешките мигови, грст повидни револуционери: Даме Груев, Анастас Лозанчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Павел Христов, Ѓорѓи Пешков, Аце Дорев, Христо Узунов, Ѓорѓи Сугарев, ѓакон Евстатиј, Петре Ацев.[10] Во Македонија се задржале и обичните војводи како Толе Паша, Дедо Коле, Митре Влавот, Апостол Петков, Ѓурчин Наумов, Михаил Чеков, Леко Џорлев, Пандил Шишков, Алексо Турунџев.[11]

Карактеристично е што во прво време раководителите, депримирани од илинденскиот дебакл, во услови на снажна османска репресија, се пасивизирале.[12]

Оттаму е разбирливо што селските војводи, непречени од никого, се нашле во својот елемент, развивајќи „страшна агитација... против интелигенцијата".[13] Притоа, предничел Толе Паша во осудата на „даскалите" што ја напуштиле земјата, а Апостол Петков се самоaccess рекламирал: „Биринџик чета е мојата".[14] Ваквата очигледна декаденција, пропратена со парализата на револуционерната актива, првенствено поради распокинатата мрежа и пресечените канали, особено во II Округ, претставува своевиден индикатор на длабочината на кризата во која се нашла МРО.

Меѓутоа, без оглед на сериозната криза, МРО не престанала да функционира во целина, ниту пак дошол во прашање нејзиниот опстанок.[15] Друго е прашањето за нејзината трансформација, за отворање нови видици.

Несомнето, додека дел од раководството паднало во длабока депресија, македонските народни маси, особено на село, и покрај страшниот пораз пропратен со тешки трауми поради човечките, материјалните загуби и силната репресија, не го загубиле присуството на духот, исконскиот копнеж за слобода и длабоката верба во Македонската револуционерна организација. Познато е дека дури и странците, како Англичанецот Хенри Брајлсфорд, биле импресионирани од лојалноста на македонските селани кон сопствената Организација и од нивната решеност „ако Комитетот издаде наредба за нова борба во (идното, н.б.), лето, тие без колебање ќе ѝ се потчинат на наредбата".[16]

---

[10] Ѓ. Петров, Idem, 202.

[11] Cf. Революционната борба в Битолския окръг, Спомени от Георги П. Христов, София, 1953, 80; Ѓ. Петров, Спомени., 201; Хр. Силяновъ, op. cit., 15—16.

[12] Cf. Ѓ. Петров, Спомени.., 201.

[13] Ibidem.

[14] Ibid., 202.

[15] Хр. Силяновъ, op. cit., 18.

[16] Ibidem, 11.

За разлика од македонските села, првенствено во II (Битолски) округ на МРО, кои биле во фокусот на револуционерниот илинденски чин, македонските градови, со исклучок на Крушево, Невеска и Клисура, биле, главно поштедени од реперкусиите на востаничкиот дебакл, и со тоа останала речиси негибната нивната организациона мрежа.

Секако, македонските градови биле значајни оази, од кои можело да се тргне во консолидација на организационата мрежа. Притоа, примат добила Битола, како центар на Вториот округ, кој масовно востанал и, објективно, најмногу настрадал.[17] Овде доаѓа и Ѓ. Петровата свртеност кон градот, со главна цел, тежиштето на организациониот живот повторно да се помести од селото во градот.[18]

На прагот на зимата (1903/4 година) се почувствувало раздвижување на раководните кадри во II (Битолски) округ на МРО.

Поаѓајќи од идејата за брза и рамномерна консолидација на организационите редови, Ѓорче Петров го лансирал предлогот: Даме Груев да го преземе Солунско, Пере Тошев — Скопско, а тој (Ѓорче Петров) да остане во Битола. Тоа било погрешно протолкувано, па овој еминентен македонски логичар привремено се нашол во тотална изолација, надвор од организационите текови.[19] Оттаму, на декемвриската средба помеѓу Даме Груев, Анастас Лозанчев, Пере Тошев, Павел Христов[20] и веројатно Аце Дорев, кога била донесена одлука за привремено згаснување на Главниот штаб и реактивирање дејноста на II (Битолски) окружен комитет на МРО, не бил присутен Ѓорче Петров.[21]

Тогаш, на 23 и 25 декември 1903 година,[22] фактички, датираат двата последни релевантни документи на Главниот штаб на Вториот револуционерен округ (Даме Груев, Атанас Лозанчев). Со тоа се направени првите чекори кон ревитализација на МРО во II (Битолски) округ.

Во првиот окружен циркулар, напишан со инспиративен, оптимистички дух, се потенцира значењето на Илинденското востание за македонскиот народ како „голем акт кој нè постави во редовите на достојните народи за слобода. Тоа е првпат кога нашиот народ нагледно виде дека и тој може да биде силен и дека од самиот него зависи кинењето на ропските синџири". Притоа, се изразува скепса кон Мирцштегските реформи, бидејќи „нашиот народ не може да биде задоволен од тие мерки, зашто се ништожни пред целта кон која се стремиме". И сега, „кога цела Европа го признала нашето

---

[17] Ibid., 17.

[18] Cf. Ѓ. Петров, Спомени.., 204; Љ. Лапе, Проект-правилниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 г. и дополнителните забелешки на Ѓ. Петров, Г ИНИ, XVII/1, Скопје, 1973, 239—243.

[19] Ѓ. Петров, Спомени, 204.

[20] Ibid., 205.

[21] Ibidem.

[22] 10 и 12 декември ст. стил.

право", потребен е „уште еден удар — и тиранот е смачкан. Ќе го нанесеме тој удар... Ќе го развиеме революционерното знаме свиено есеноска, за да блесне повторно, во поблагопријатно време. А тоа време е наблизу".[23] Посочениот документ вака компониран, евидентно, бил насочен кон надраснување на илинденските трауми, дефинитивно отфрлање на апатијата, поттикнување на националната гордост и зацврстување на вербата во скорешна идна победа.

Вториот окружен циркулар, всушност последен документ на Главниот штаб на II (Битолски) револуционерен округ, има чисто организационен карактер. Со него, практично, документите на Смилевскиот окружен конгрес се ставаат вон сила, а се реактивираат Уставот (статутот) и Правилникот на Организацијата, применувани до востанието. Аналогно на тоа, „привремено" гаснат Главниот штаб и реонските подвижни горски началства, а се реактивираат Битолскиот окружен комитет на МРО и неподвижните раководни тела. Покрај тоа, се предвидувало специјално инспекторско тело за ревизирање на Округот. И овде е нагласено дека востанието е прекинато поради зимата, а востаничките дејства ќе се возобноват „при поблагопријатни услови". Се потенцира: „Револуционерната организација и во иднина останува верна на својата цел и ќе продолжи да дејствува во духот на својата стара програма".[24] Ова, всушност, претставува носечка мисла на документот. Од неа јасно извира Д. Груевата тенденција за конзервирање на старите организациони односи.

Во поилинденскиот период дошол до полн израз окружниот партикуларизам. Тој е тивко промовиран уште на Смилевскиот конгрес на водечкиот Втор (Битолски) округ на МРО. Самиот Главен штаб на II Округ ја наткрилил и засенчил улогата на ЦК на МРО,[25] а во време на примарната консолидација на МРО по востанието се извишил Битолскиот окружен комитет окитен со Д. Груевиот ореол.

Од друга страна, слабиот состав на „номиналниот" (спорен легитимитет) ЦК на МРО со седиште во Солун,[26] во едногодишниот вре-

---

[23] Главенъ щабъ на II Мак. одр. рев. окрѫгъ, 10. XII. 903, — Хр. Силяновъ, op. cit., 18—19. Меѓутоа, документот кај А. Крал е датиран на 25, наместо на 23 декември. (Извештај на А. Крал од 8 февруари, прилог II, — Д. Зографски, Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија, ИНИ, Скопје, 1955, 142—144). Оттаму, грешката се провлекла и во — Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, кн. 2, 269—270.

[24] Главенъ щабъ на II Мак. Одр. Рев. Окрѫгъ, 12 декември 1903, — Глигор Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, Г ИНИ, XV/3, Скопје, 1971, 209—210. Cf. Извештај на А. Крал од 8 февр. 1904, прилог I, — Д. Зографски, op. cit., 141—142.

[25] Св. Г(ора) за В-ка, 13. IV. 904, — Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 година, Г ИНИ, V/2, Скопје, 1961, 268.

[26] Ѓ. Петров, Спомени..., 207.

менски интервал (мај 1903 — април 1904 год.) низ кого продефилирале Христо Поп Коцев, Спас Мартинов, Борис Мончев, Петар Поп Арсов, Кирил Прличев, Александар Димитраков, Иван Сапунаров, Димитар Влахов,[27] немал сили да ја одигра со Уставот (статутот) загарантираната улога.

Во почетокот, со ЦК на МРО во посочениов период раководел Христо Поп Коцев, а кон крајот на егзистирањето на ова централно раководно тело (март — април 1904 г.) главна улога играл Борис Мончев.[28] Од составот на Привремениот ЦК на МРО доброволно се повлекле: Христо Поп Коцев, Петар Поп Арсов,[29] Кирил Прличев,[30] Александар Димитраков и Иван Сапунаров.[31]

Ваквиот состав на Привремениот ЦК на МРО (со исклучок на Петар Поп Арсов), можел да смета само на второстепена, минорна улога, без битно влијание на организационите текови, особено кога на другата страна од лостот се нашле личности како Даме Груев, Јане Сандански, Христо Чернопеев.[32] Оттаму, логично, дошло до саморастурање на привремениот ЦК на МРО и негово трансформирање во Солунски окружен комитет во април 1904 година.[33] Оттогаш, па сè до Рилскиот конгрес (1905 г.), МРО вегетирала без Централен комитет. Сето ова најочигледно ја потенцира надмоќта на центрифугалните над центропеталните сили во пост-востаничкиот период.

За разлика од ЦК, Задграничното претставништво на МРО со седиште во Софија (тандем: Матов — Татарчев) узурпирало права, незацртани во правните акти на МРО.

Со цел за побрз излез од кризната состојба, задграничните претставници Христо Матов и Христо Татарчев, во договор со Димитар Стефанов, Димитар Мирасчиев и Ѓорѓи Поп Христов, во почетокот на јануари 1904 година излегле со предлог за формирање Привремен раководен центар со широки овластувања во состав: Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче Петров (псевдоними: Брајан — Левтер — Марко). Било предвидено ова привремено организационо тело да егзистира до идниот Општ конгрес на МРО, кога требало да се избере легален ЦК. Дотогаш, постојниот привремен ЦК требало да се

[27] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во I половина од 1904 година, Г ИНИ, V/2, Скопје, 1961, 247—248. Cf. Хр. Силяновъ. Освободителнитѣ борби на Македония. Илинденското възстание, София, 1933, I, 275—276; Хр Силяновъ, Освободителнитѣ борби . . , 1943, II, 61.

[28] Љ. Лапе, Документи . . во I половина од 1904 г., 258—270.

[29] Св. Г(ора) за Висока, 4. III, — Љ. Лапе Документи . . . во I половина од 1904, 258.

[30] Ibidem.

[31] Мемоари на Димитар Влахов, Нова Македонија, Скопје, 1970, 59.

[32] Cf. Св. Г(ора) за В-ка, 13. IV. 1904, — Љ. Лапе, Документи . . , I п. 1904, 268—269.

[33] Ibidem.

транспонира во Централно биро со сосема подредена, безначајна улога.[34]

Несомнено, ова ја ажурирало познатата, дводневна средба помеѓу Даме Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров во с. Селце, Прилепско, во средината на јануари 1904 година, на која дошле до израз крупните разијдувања помеѓу Даме Груев и Ѓорче Петров.[35]

Во почетокот на февруари 1904 година датира одговорот на Битолскиот окружен комитет на МРО на неколку писма од Задграничното претставништво во Софија, по претходни консултации со некои повидни револуционери и по одржаното Окружно советување во Битола на кое учествувале Даме Груев, Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Павел Христов и (Аце) Дорев.[36] Притоа, тие го изразиле своето „незадоволство од пасивноста на некои окрузи во време на востанието" и го осудиле „духот на децентрализацијата". Покрај тоа, ја акцептирале идејата за скорешно свикување „конгрес внатре во Македонија", ја сфаќале неопходноста од преустројувањето на ЦК во Солун (веројатно на проектираниот конгрес), а се изјасниле и за формирање подвижен ЦК откако најпрво ќе се „формираат ревизиони чети". Во врска со српско-бугарското (студентско) приближување, тие ја истакнале својата недоверба кон неговата искреност, поради што се изјасниле „против секакво зближување". Што се однесува до „идната дејност на Организацијата, ние сме на мнение и натаму последната да оди во духот на старата програма, откако се засилат подготовките за терористички дејства".[37]

И така, додека во Софија, на бројните средби и Советувањето организирано од Задграничното претставништво на МРО, се водат жолчни расправи и кршат копја околу идната физиономија на Организацијата, во Битолскиот округ во првите месеци на 1904 година погледот е свртен назад, кон „старата програма", со очигледен благослов на Д. Груевиот авторитет. Овде, реформските сили ќе блеснат и однесат победа дури на Прилепскиот конгрес.

Во почетокот на март 1904 година, Битолскиот окружен комитет ја ревидирал својата претходна согласност за формирање подвижен ЦК, го признава постојниот привремен ЦК „на чело со Попчето" (Христо Поп Коцев), а прашањето дали ЦК ќе биде подвижен или сталeн го остава за идниот конгрес. Воедно предлага „уште отсега да се земат нужни мерки за свикување на таков конгрес".[38]

---

[34] Док. 2, Љ. Лапе, Документи . ., I п. од 1904, 253.

[35] Ѓ. Петров, Спомени . . . , 204—205;
Извештај на А. Крал од 12. 02. 1904 г., — Д. Зографски, op. cit., 146.

[36] Писмо от Битолски революционен окръг до Задграничното представителство на ВМОРО в София, (препис), — Константин Пандев, Документи за Македоно-Одринското националноосвободително движение от Архива на Димитър Стефанов, — Исторически преглед, г. XXXVIII/6, София, 1982, 109—110.

[37] Ibidem, 110.

[38] Писмо за Св. Гора, 22 февруари (1904), Ерусалим. — Љ. Лапе, Документи . ., за I половина од 1904 . ., 257.

Тоа што фрла темна сенка на Битолскиот окружен комитет на МРО, се крие во одлуката за превртување на патријаршиските во егзархиски села — донесена во средината на февруари 1904 година.[39] Нејзини главни актери биле Даме Груев и Пере Тошев. На остриот судир по ова прашање, што се одиграл на Прилепскиот подвижен конгрес, Ѓ. Петровиот глас на разумот се изгубил како глас во пустина. Бездруго, ова решение имало негативни последици за консолидацијата на ослободителното дело, како и за угледот на МРО. Како резултат на ваквата политика — од крајот на ноември 1904 година, 161 македонско патријаршиско село станале егзархиски.[40] Сето ова било пропратено со османски контрачекори и репресалии, со активна улога на Хусеин Хилми паша (бил затворен и Панчо Дорев),[41] а претставувало и одличен повод за лепење националистичка етикета, како и „солидна" причина за оправдување на присуството и злоделата на грчката и српската вооружена пропаганда — сред меѓународната јавност.

Првите сериозни напори за возобновување на организационата мрежа ги направила групата револуционери од Битолскиот округ (Д. Груев, П. Тошев, Ѓ. Петров, П. Христов, Ѓ. Пешков, Хр. Узунов, Г. Сугарев). Меѓу нив, приматот му припаднал на Даме Груев, кој цели три месеци крстарел низ Македонија (крај на февруари — крај на мај 1904 г.).[42] Притоа, ги посетил: Прилепско, Леринско, Солунско, Воденско, Ѓуменџиско, Гевгелиско, Тиквешко.[43] Само во Солун, Даме Груев, според А. Крал, илегално престојувал „преку 14 дена".[44] Ако во 1894 година, Даме Груев, за градењето на првичните конци на организационата мрежа стекнал пионерска заслуга, овојпат, деценија подоцна, во 1904 година, како главен носител и инспиратор на возобновување на организационите редови, одиграл фениксова улога.[45]

Во меѓувреме, Пере Тошев го ревизирал Битолскиот револуционерен округ,[46] а Ѓорче Петров месец и половина посветил на средување на односите на ривалските прилепски групи (П. Ацев — Ј. Тренков). Во месеците март — мај 1904 година, Ѓорче Петров престојувал во Велес, каде вложил крајни напори да изнајде средно

---

[39] До Св. Горци, 6. II. 904, — Љ. Лапе, Документи.., во I п. од 1904, 255; Cf. Ѓ. Петров, Спомени.., 205—206.

[40] Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби.., София, 1943, т. II, 125—126.

[41] Ibidem, 122.

[42] Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., 16; Ѓ. Петров, Спомени..., 209—210; Извештај на А. Крал од 15 јуни 1904 г., — Д. Зографски, op. cit., 208.

[43] Ibidem.

[44] Извештај на А. Крал бр. 48 од 15 јуни 1904, — Д. Зографски, op. cit., 208.

[45] Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., 17.

[46] Ibidem.

Извештај на А. Крал од 15 јуни 1904, — Д. Зографски, op. cit., 208.

решение за помирување на двете раководни фракции (легитимисти, сарафисти).[47] По Прилепскиот конгрес, Ѓорче Петров престојувал во Воденско, Еницевардарско, Солунско — и преку Струмичко, во втората половина на август 1904 година се префрлил во Кнежевството Бугарија.[48]

Несомнено, овие три водечки личности (Даме Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров) имаат крупни заслуги за возобновувањето на организационата мрежа.

При консолидирањето на своите редови во поилинденскиот период МРО се судрила со повеќеглава хидра, олицетворена, главно, во примарниот османски непријател со разработен репресивен систем, балканските вооружени пропаганди и внатрешните врховисти. Сето ова се одигрувало пред очите на цивилизирана Европа и актерите на Мирцштегските реформи.

Притоа, бездруго, најтешко паѓала внатрешната болка (матовисти, сарафисти), која го разјадувала реконвалесцентниот организам на МРО.[49]

Веќе во пролетта 1904 година, тандемот Матов — Татарчев, самоволно, не водејќи сметка за организационите правни акти негласно пристапува кон реализација на нова организациона шема: „во секоја околија да има околиски началник, нелегален војвода, кому што (треба) да се потчинат градските и селските легални раководители во околиите".[50]

Од друга страна, непоправливи штети на внатрешната консолидација на МРО ѝ нанела групата на Борис Сарафов. Секако, оваа контроверзна, преамбициозна личност, во чија глава се роеле мноштво идеи (на надворешен и внатрешен план) за македонското дело, всушност целела да ја игра улогата на „прва виолина" во македонското револуционерно движење. Лекомислено ѝ помогнал на големосрпската вооружена пропаганда да се вгнезди во Македонија, а внатре, во Македонија, паралелно дејствувал преку сарафистички чети, внесувајќи раскол во организационите редови. И најпосле, преку инфилтрација на сарафисти во некои организациони центри, се обидувал одвнатре да го преземе раководството на МРО.[51]

Вистински одговор на кардиналните прашања за целосна консолидација, развој и растеж на МРО се очекувал од претстојните окружни конгреси, а најмногу од Општиот конгрес на Организацијата.

---

[47] Cf. Ѓ. Петров, Спомени.., 206—209; М. Пандевски, op. cit., 135; Иван Катарџиев, Документи за дејноста и положбата на Револуционерната организација во Велешка околија во 1904—1905 година, Г ИНИ, VII/2, Скопје, 1963, 204—206 (203—57).

[48] Ѓ. Петров, Спомени.., 213—216.

[49] М. Пандевски, op. cit., 16.

[50] Ѓ. Петров, Спомени..., 213.

[51] Cf. М. Пандевски, op. cit., 123—164.

Dimitar DIMESKI

## L'ORGANISATION RÉVOLUTIONNAIRE MACÉDONIENNE APRÈS LES ÉVÉNEMENTS D'ILINDEN
(A l'encontre des congrès régionaux)

(R é s u m é)

L'organisation révolutionnaire macédonienne (ORM) après les événements d'Ilinden est entrée dans une nouvelle phase de son développement.

Les enseignements tirés de l'insurrection d'Ilinden menaient inévitablement vers la scission du processus de démocratisation de I'ORM.

Au début, l'ORM devait surmonter les affets néfastes de la Golgotha d'Ilinden, de cicatriser ses plaies, de consolider ses propres rangs et d'ouvrir une nouvelle perspective.

Tout cela avait lieu dans des circonstances très complexes, à l'époque des Réformes de Mürzsteg lorsque I'ORM s'est trouvé en face de deux dangers: celiu des Osmanlis, comme primaire, et puis celui des propagandes balkaniques, plus récent, qui risquait un conflit armé.

La vraie réponse à ces questions cardinales, en vue d'une consolidation totale et du développement de l'organisation devrait résulter des prochains congrès régionaux qui allaient avoir lieu mais surtout du Congrès géneral de l'ORM.